**20151043231**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 7 став (7) од Законот за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 97/15), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И СОДРЖИНАТА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОТПИШУВАЊЕ НА КАМАТИ НА ДОСТАСАНИ ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденцијата и содржината на евиденцијата за остварување на правото на отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување.

Член 2

(1) Евиденцијата за остварување на правото на отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување се води електронски и/или во хартиена форма на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Евиденцијата од став (1) на овој член ги содржи следните рубрики „барање за отпишување на камати“ со подрубрики „основни податоци“ и „утврдени податоци за продонеси од задолжително социјално осигурување“, рубрика „решение за отпишување на камати“ со подрубрика „донесено решение“ и рубрика „општо“ со подрубрика „забелешка“.

(3) Во подрубриката „основни податоци„ се запишуваат следните податоци:

- реден број и датум,
- архивски број,
- назив на обврзникот или име и презиме на обврзникот,
- единствен даночен број (ЕДБ) или единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) и
- матичен број на правното лице (ЕМБС).

(4) Во подрубриката „утврдени податоци за продонеси од задолжително социјално осигурување“ се запишуваат следните податоци:

- износ на утврдени достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување и
- износ утврдена камата на достасани обврски по основ на неплатени придонеси од задолжително социјално осигурување.

(5) Во подрубриката „донесено решение“ се запишуваат следните податоци:

- број и датум на донесеното решение за право на отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Управата за јавни приходи,
- број на месеци во кои е извршена уплатата на придонесите од задолжително социјално осигурување и
- износот на камата која се отпишува.

(6) Во подрубриката „забелешка“ се прибележуваат сите дополнителни податоци во врска со барањето, примените податоци, донесеното решение.

Член 3

Евиденцијата од член 2 на овој правилник се води во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и Управата за јавни приходи.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-5866/1
22 јуни 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов**, с.р.

Прилог

| БАРАЊЕ ЗА ОТПИШУВАЊЕ НА КАМАТИ | | | | | | | РЕШЕНИЕ ЗА ОТПИШУВАЊЕ НА КАМАТИ | | | | ОПШТО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ | | | | | 2. УТВРДЕНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ | | 3. ДОНЕСЕНО РЕШЕНИЕ | | | | 4. ЗАБЕЛЕШКА |
| 1.1 | 1.2 | 1.3 | 1.4 | 1.5 | 2.1 | 2.2 | 3.1 | 3.2 | 3.3 | 3.4 | 4.0. |
| Ре-ден број и да-тум | Архив-ски Број | Назив на обвр-зникот или име и пре-зиме | ЕДБ или ЕМБГ | ЕМ БС | Износ на утврдени достасани обврски | Износ утврдена камата на достасани обврски | Број | Да-тум | Број на месеци во кои е извршена уплатата | Износ на камата која се отпишува | Забелешка |
| | | | | | | | | | | | |